# Ten Barrels Syrah Reserva 2015




Посебноста на ова вино Syrah, добиено од сопствените насади, произлегува од двојната редукција на приносот, која резултира во парцијално дехидрирање на гроздовите на самата лоза, но и од присуството на 4% Вранец. Ваквите постапки овозможуваат добивање на фенолно зрело вино со интензивна рубин црвена боја, висок екстракт и потенцијал за созревање. Букето изобилува со ароми на црвено и црно ситнозрнесто овошје. Комплексноста на ова вино се должи на 12-месечното одлежување во нови буриња од американски и француски даб кои допринесуваат за добивање на дискретни зачински тонови на каранфилче, надополнети со мирис на црна чоколада, ванила и сладок корен. Вкусот е елегантен и полн, со одлична структура, меки, кадифени танини и добро интегрирани дабови ароми со долготраен послевкус.

Ова вино се служи на температура 14-16°C, во комбинација со специјалитети од разни видови месо, особено дивеч во пикантен сос.

Алкохол: 14% Vol.  Полнето: Декември 2016

**Награди:** Selection 2017, Германија – **Златен медал**
Terravino 2016, Израел – **Златен медал**